# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Прочитајте го внимателно упатството пред да почнете со употреба на лекот.**
*- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба повторно да го прочитате.*
*- Ако имате додатни прашања контактирајте го Вашиот доктор или фармацевт.*
*- Овој лек Ви е препишан за Ваша лична употреба и не треба да го препорачувате на други лица. Може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како и Вашите.*
*- Ако некој од несаканите ефекти добие сериозна форма или ако забележите некој несакан ефект неспоменат во ова упатство, информирајте го Вашиот доктор или фармацевт*

**Упатството содржи**:
1. *Што претставува* **PIPEM®** *и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете пред да го употребите лекот* **PIPEM®**
3. *Како се употребува* **PIPEM®**
4. *Можни несакани ефекти*
5. *Како се чува* **PIPEM®**

**PIPEM® / ПИПЕМ**
**pipemidinska kiselina**

Активната супстанција е *пипемидинска киселина.*
Останатите состојки се: *пченкарен скроб, натриумскробгликолат, натриумлаурилсулфат, талк, магнезиум стеарат, желатин, азо бои.*

**Како изгледа PIPEM® и содржина на пакувањето**
1 капсула Pipem содржи 200 mg пипемидинска киселина (во облик на трихидрат).

**PIPEM®** капсулите се овални, двобојни, жолто-зелени ,тврди желатински капсули, полнети со светло жолт или жолт прав.

**Носител на одобрението за промет**

**Hemofarm ad, Skopje**

**Производител**
Hemofarm koncern Zorka Pharma, ad, Srbija

## ШТО Е PIPEM® И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

PIPEM® содржи активна супстанца пипемидинска киселина, која е уроантисептик од групата хинолони. Уроантисептици се лекови кои се користат за лекување на уринарни инфекции.

**Кога се употребува** PIPEM®?

**PIPEM®** се употребува за лекување на акутни и хронични инфекции на уринарните патишта предизвикани од осетливи бактерии вклучително и рецидивирачки инфекции при калкулоза, тумори на мочното бабуле и простата како и при конгенитални аномалии на урогениталниот тракт. Исто така се употребува и за спречување на инфекции при катетеризација, ендоскопија и други инвазивни уролошки интервенции

## ПРЕД ДА ПОЧНЕТЕ ДА ГО КОРИСТИТЕ PIPEM®

*Информирајте го Вашиот доктор ако имате некоја хронична болест, метаболно заболување, ако сте алергични или во случај да користите други лекови*

**Немојте да употребувате PIPEM®:**

Ако сте алергични на лекот или компонентите на капсулите, како и при тешки бубрежни и црнодробни заболувања (при цироза на црниот дроб), порфирија, заболувања на нервниот систем (епилепсија и неуролошки состојби со конвулзии)

**При употреба на PIPEM® посебно треба да го имате во предвид следното:**

Запознајте го вашиот лекар со следното:

- знаете или мислите дека сте алергични (преосетливи) на Пипем или други лекови од групата хинолони
- имате оштетена бубрежна функција, мозочен удар или компромитирана мозочна циркулација
- боледувате од порфирија
- боледувата од ензимски дефицит на глукозо-6-дехидрогеназа

За време на терапијата не се изложувајте на сонце.

**Употреба на PIPEM® со храна или со пијалок**

Земање на лекот со храна или безалкохолни пијалаци не влијае на дејството на лекот.

**Бременост**

*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*

**PIPEM®** не се дава на бремени жени. Ако сте трудни или мислите дека сте трудни обратете се на вашиот лекар.

**Доење**

**PIPEM®** не се дава на доилки

*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**

Лекот нема влијание на способноста за возење и управување со машини.

**Употреба на други лекови**

*Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако до неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*

Обавестете го вашиот лекар доколку земате или сте земале во изминатите две недели некои од следните лекови:

- антациди кои садржат магнезиум или алуминиум (лекови за лекување на болести на органи за варење. Овие лекови можат да ја забават апсорпцијата на пипемидинската киселина.
- теофилин (лек за хронични опструктивни болести на белидробови) Пипемидинска киселина го инхибира метаболизмот на овој лек.

**КАКО СЕ УПОТРЕБУВА PIPEM®**

*Секогаш земајте го лекот **PIPEM®** според точните инструкции на докторот или фармацевтот. Проверете со Вашиот доктор или фармацевт доколку не сте сигурни.*

*Вашиот доктор ќе ви каже колку долго треба да го земате лекот **PIPEM®***

*Не го прекинувајте третманот предвремено.*

**Дозирање и начин на употреба:**

Пипемидинската киселина вообичаено се дозира два пати на ден (наутро и навечер) по две капсули од 200 mg или една капсула од 400 mg два пати на ден (наутро и навечер) во тек на 10 дена. По потреба и во зависност од клиничката слика режимот на дозирање може да се менува. Во профилаксата на уринарните инфекции може да се дава перорално и помала доза (една капсула од 200 mg на ден) во подолг период.

Во тек на лекувањето да се пијат повеќе течности.

Лекот не се применува кај деца.

**Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што е потребно:**

*Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што треба, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Ако сте заборавиле да земете PIPEM®:**

*Ако сте заборавиле да го земете лекот на време не се вознемирувајте. Земете го лекот веднаш штом ќе се сетите. Ако се наближува времето за земање на следната доза, изоставете ја пропуштената доза.*

*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

## МОЖНИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ

*Како и сите лекови,* ***PIPEM®*** *може да предизвика  несакани ефекти, иако не мора да се јават кај сите пациенти.*
*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.*

- ангиоедем (постепено отекување на лицето и јазикот, тешкотии во дишењето),
- уртикарија (осип),
- бронхоспазам (грчење на мазните мускули во зидовите на дишните патишта, кое доведувад до отежнато дишење),
- хипотензија (пад на крвен притисок) и
- колапс (губиток на свеста).

Најчести несакани дејства на пипемидинска киселина се мачнина, гадење, повраќање, болка во горниот дел од стомакот) и кожни реакции (алергиски дерматитис, свраб и сл.)

Ретко се опишани вртоглавица, слабост, главоболка, пореметен вид, болки во мускулите, мускулна слабост и неуропатии.

Преодна тромбоцитопенија или гранулоцитопенија, како и хемолитичка анемија кај пациенати со ензимски дефицит на глукозо-6-дехидрогеназа, се среќаваат многу ретко.

**КАКО СЕ ЧУВА PIPEM®**
Лекот се чува на температура до 25С, во оригиналното пакување, на суво место.

*Лекот да се чува на места недостапни за децата !*

**Рок на употреба**
Три ( 3 ) години
*Лекот не смее да се употребува после истекот на датумот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање**
Лекот се издава само на лекарски рецепт (Р)

**ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ**
Ако сакате и други информации во врска со овој лек, Ве молиме контактирајте го носителот на одобрението за промет:

**Hemofarm  ad, Skopje**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ *